*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/24-348*
*15.05.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50, став 8 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), градоначалникот на Општина Штип донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на стручна комисија за постапување по спроведена Повторна јавна анкета и јавна презентација за Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип**

Член 1

Се формира стручна Комисија за Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип, во следниот состав:

1. Лидија Глигорова Јанкова, диа-претседател на Комисија за урбанизам
2. Кирил Димески, М-Р.ИНЖ.АРХ., диа-претставник на изработувачот на планот Трговско друштво за урбанистичо планирање, проектирање и инженеринг УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп бр. на Овластување 0.0626
3. Викторија Атанасова, диа-стручен работник од областа на урбанистичко планирање, бр на Овластување 0 0472

Член 2

Комисијата има задача да изготви Извештај од спроведената јавна презентација и јавната анкета.

Член 3

Извештајот од јавната анкета и јавната презентација треба да содржи образложение за прифатените и неприфатените забелешки за горенаведениот ДУП.

Член 4

Врз основа на Извештајот комисијата е должна најдоцна во рок од 15 дена, пред доставување на предлог планот за согласност, да го извести писмено секое физичко или правно лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање на нивните забелешки.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**